Службен весник на Република Македонија

Број 174 **30 ноември 2017, четврток** **година LXXIII**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
3311.	**Одлука** за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2018 година*.....	**2**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3311.

Врз основа на член 5 став 1 од Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/03, 69/04,10/08, 160/08, 35/10,11/12, 93/13, 44/15, 81/15 и 192/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 28.11.2017 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ И МЕНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА ЗА 2018 ГОДИНА*

Член 1

Во Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/03, 69/04,10/08, 160/08, 35/10,11/12, 93/13, 44/15, 81/15 и 192/15), Царинската тарифа, која е составен дел на овој закон, се усогласува и менува согласно со измените на Комбинираната Номенклатура, донесени од страна на Европската комисија, а кои се однесуваат на системот на имиња на стоката, системот на нумеричко означување, единичните мерки, како и забелешките кон соодветните оддели и глави, објавени во Службен весник на Европската унија бр. L 282 од 31 октомври 2017 година и гласи:

ЦАРИНСКА ТАРИФА

I. ВОВЕДНИ ЗАБЕЛЕШКИ

*Дел I – **ОСНОВНИ ПРАВИЛА***

А.**Основни правила за применување на Царинската Номенклатура**

Распоредувањето на стоките во номенклатурата ќе се врши според следниве основни правила:

1. Имињата на одделите, главите и разделите се дадени само заради полесно снаоѓање при распоредувањето. За правни цели, распоредувањето на стоките ќе се врши според наименувањата на тарифните броеви и според забелешките кон соодветните оддели или глави, или според подолу наведените правила, ако тие не се во спротивност со содржината на тарифните броеви или на забелешките кон одделите и главите.

2. (а) Како производ што е наведен или опфатен во наименувањето на тарифниот број се смета и производот кој е некомплетен или недовршен, под услов при царинењето да има суштествени својства на комплетен или довршен производ. Тарифниот број исто така го опфаќа тој производ, комплетен или довршен (или производ што се распоредува како комплетен или довршен со примена на ова правило), ако се царини несоставен или во разглобена состојба.

   (б) Под материјал или материја од наименувањето на тарифниот број се подразбира таков материјал или материја во чиста состојба или комбиниран односно измешан со друг материјал или материја. Под производ од определен материјал или материја се подразбира и тој производ, изработен во целост или делумно од ист материјал или материја. Производите што се состојат од два или повеќе материјали или материи ќе се распоредат со примена на основното правило 3.

3. Производите што со примена на правилото 2 (б) или од други причини на прв поглед би можеле да се распоредат во два или повеќе тарифни броеви, ќе се распоредат на следниов начин:

   (а) Тарифниот број што има најконкретно или најблиско наименување на производ има предност во однос на тарифните броеви со поопшто наименување на производите. Меѓутоа, ако наименувањата на два или повеќе тарифни броеви се однесуваат само на дел од материјалите или материите содржани во мешани или сложени производи или само на дел

---

* Со оваа одлука се врши усогласување со Регулативата (ЕЕС) бр. 1925 на ЕУ од 12.10.2017 година, за дополнување на Анекс 1 од Регулативата на Комисијата (ЕЕС) бр.2658/87 на тарифната и статистичката номенклатура и Заедничката царинска тарифа, , CELEX бр. 32017R1925.

од компонентите подготвени како сет за малопродажба, наименувањата на тие тарифни броеви ќе се сметаат поедначкво конкретни, и кога едниот од нив има покомплетно или попрецизно наименување на производот.

(б) Мешаници, сложени производи кои се состојат од различни материјали или кои се изработени од различни компоненти, односно состојки, и производи подготвени во сетови за малопродажба, кои не можат да се распоредат со примена на правилото 3 (а), ќе се распоредат како да се состојат од материјалот или компонентата која им дава суштествен карактер, ако овој критериум може да се примени.

(в) Ако производите не можат да се распоредат со примена на правилата 3 (а) или 3 (б), тие ќе се распоредат во тарифниот број кој се јавува последен во нумеричкиот редослед меѓу оние тарифни броеви кои поради важноста треба поедначкво да се земат предвид.

4. Производите кои не можат да се распоредат со примена на горенаведените правила, ќе се распоредат во тарифниот број предвиден за производот кој му е најсличен на тој производ.

5. Покрај претходните одредби, следниве правила ќе се применат за следниве производи:

(а) Футроли за фотографски апарати, музички инструменти, пушки и револвери, кутии за циркли, кутии за ѓердани и слични контејнери, специјално обликувани или дотерани за определен производ или сет на производи, погодни за долготрајна употреба и испорачани со производите за кои се наменети, ќе се распоредат со тие производи под услов вообичаено да се продаваат со тие производи. Меѓутоа, ова правило не се применува на контејнерите кои на целината (производ со контејнер) и даваат суштествен карактер.

(б) Согласно со одредбите на правилото 5 (а), материјалот за пакување и контејнерите за пакување (амбалажа)[1] што се испорачуваат со производи во нив, ќе се распоредат заедно со тие производи ако е вообичаено да се користат за пакување на тие производи. Меѓутоа, оваа одредба не се применува за материјалот за пакување или за контејнерите за пакување ако е очигледно дека се погодни за повеќекратна употреба.

6. За правни цели, распоредувањето на стоките во тарифни подброеви во рамките на еден тарифен број ќе се врши според наименувањата на тие тарифни подброеви и забелешките за тие тарифни подброеви, како и според горенаведените правила (mutatis mutandis), со тоа што споредување на тарифните подброеви може да се врши само на исто ниво на расчленување. Во смисла на ова правило се применуваат и забелешките кон одделите и главите, освен ако со содржината на текстовите поинаку не е пропишано.

Б. **Основни правила кои се применуваат за царинските давачки**

1. Царинските давачки кои се применуваат на стоката која се увезува, со потекло од земјите членки на Светската Трговска Организација, земјите со кои Република Македонија има склучено договори во кои е содржана клаузулата за најголемо повластување или со земјите кои оваа клаузула ја применуваат за стоки со потекло од Република Македонија, се наведени во колоната 3 од Царинската тарифа.

2. Ставот 1 нема да се применува кога се пропишани специјални автономни царински стапки во поглед на стока која потекнува од определени земји или кога се применуваат преференцијални царински стапки во согласност со Договорите за слободна трговија.

3. Царинските давачки кои се пропишнаи како % стапки, се нарекуваат царински давачки по вредност (*ad valorem*).

4. Царинските давачки кои се пропишани според единечна мерка, се нарекуваат специфични давачки.

5. Масата на стоките која подлежи на плаќање на царина, во случај на стоки кои се царинат според маса, ќе се смета дека е:

(а) во случај на повикување на бруто маса: агрегатната маса на стоките и на сите матерјали за пакување и амбалажа;

---

[1] (□) Под поимот "материјал за пакување" и "контејнери за пакување" се подразбираат надворешни или внатрешни контејнери држачи, обвивки или потпори различни од транспортните уреди (на пример, транспортни контејнери), церади, прибор и помошна опрема. Поимот "контејнери за пакување" не ги опфаќа контејнерите опишани во основното правило 5(а).

(б) во случај на повикување на нето маса или само на маса без објаснување, масата на стоките без материјалите за пакување и амбалажата од било кој вид.

6. Стока за која може да се примени повластен тарифен третман заради нејзината крајна употреба:

Кога царинската давачка која се применува според правилата за крајна употреба на стоката за специфична крајна употреба, не е пониска отколку онаа која поинаку би се применила за стоката, наведената стока ќе се распореди во тарифната ознака каде има повикување за крајна употреба, а членовите 207 до 215 од Уредбата за спроведување на царински закон (Службен весник на Република Македонија број 66/2005) нема да се применат.

*Дел II – **ПОСЕБНИ ПРАВИЛА***

А. Цивилни воздухоплови и стока за употреба во цивилни воздухоплови

1. Ослободување од плаќање на царински давачки е предвидено за:
   - цивилни воздухоплови,
   - определени стоки за употреба во цивилни воздухоплови и за вградување во нив заради нивно производство, поправка, одржување, дорабoтка, измена или пренамена,
   - земски тренажери за летање и нивни делови, за цивилна употреба.

   Овие стоки се опфатени со тарифните броеви и тарифните подброеви кои се наведени во списокот од став 5.

2. Во смисла на став 1, алинеја прва и втора, "цивилни воздухоплови" значи воздухоплови, освен воздухоплови кои се употребуваат за воени или слични цели во Република Македонија и кои имаат воена или не-цивилна регистрација.

3. Во смисла на став 1, алинеја втора, изразот "за употреба во цивилни воздухоплови" ги опфаќа сите стоки за употреба во земските тренажери за летање за цивилна употреба.

4. Ослободувањето од царински давачки ќе биде во согласност со условите пропишани во соодветните одредби на Република Македонија во смисла на царинска контрола на употребата на таквите стоки (види член 207 до 215 од Уредбата за спроведување на царинскски закон (Службен весник на Република Македонија број 66/2005)).

   Сепак, овие услови нема да се применуваат во случаите кога цивилните воздухоплови кои се распоредуваат во тарифните ознаки 8802 11, 8802 12, 8802 20, 8802 30, 8802 40 се прописно внесени во регистерот на земја-членка или трета земја во согласност со Конвенцијата за меѓународно цивилното воздухопловство од 7 декември 1944 година со која се упатува во царинската декларација референца за пуштање на стоката во слободен промет со релевантен сертификат за регистрација.

   Одредбите од прелиминарните одредби Дел I – Основни правила, точка Б. 6. се применуваат mutatis mutandis.

5. Стоки кои можат да бидат ослободени од плаќање на царински давачки се опфатени со следниве тарифни броеви и тарифни подброеви:

   3917 40, 4011 30, 4012 13, 4012 20, 6812 99, 7324 10, 7326 20, 8302 10, 8302 20, 8302 42, 8302 49, 8302 60, 8407 10, 8408 90, 8409 10, 8411, 8412 10, 8412 21, 8412 29, 8412 31, 8412 39, 8412 80 80, 8412 90, 8413 19, 8413 20, 8413 30, 8413 50, 8413 60, 8413 70, 8413 81, 8413 91, 8414 10, 8414 20, 8414 30, 8414 51, 8414 59, 8414 80, 8414 90, 8415 81, 8415 82, 8415 83, 8418 10, 8418 30, 8418 40, 8418 61, 8418 69, 8419 50, 8419 81, 8421 19, 8421 21, 8421 23, 8421 29, 8421 31, 8421 39, 8424 10, 8479 90, 8483 10, 8483 30, 8483 40, 8483 50, 8483 60, 8483 90, 8484 10, 8484 90, 8501 32, 8501 52, 8501 61, 8501 62, 8501 63, 8502, 8504 10, 8504 31, 8504 32, 8504 33, 8504 40, 8504 50, 8507, 8511 10, 8511 20, 8511 30, 8511 40, 8511 50, 8511 80, 8518 10, 8518 22, 8518 29, 8518 30, 8518 40, 8518 50, 8519 81 95, 8521 10, 8526, 8528 52, 8529 10, 8531 10 95, 8531 20, 8531 80, 8539 10, 8544 30, 8801, 8802 11, 8802 12, 8802 20, 8802 30, 8802 40, 8803 10, 8803 20, 8803 30, 9001 90, 9002 90, 9014 10, 9025, 9026, 9029 20 38, 9030 31, 9030 33, 9030 89, 9032, 9104.

   За следниве тарифни подброеви, ослободувањето од плаќање на царински давачки за употреба во цивилни воздухоплови е предвидено само за стоката наведена во колоната 2:

Тарифен подброј	Опис
3917 21 90 00, 3917 22 90 00, 3917 23 90 00, 3917 29 00 00, 3917 31, 3917 33, 3917 39 00 00, 7413 00, 8307 10, 8307 90	Со додатна опрема
4008 29	Профилни форми, сечени по големина
4009 12, 4009 22, 4009 32, 400 9 42	погодни за спроведување на гасови или течности
3926 90, 4016 10, 4016 93, 4016 99	За техничка употреба
4504 90,	Затнувачи и други пломби
6812 80	Друго како облека, прибор за облека, обувки и покривки за глава, хартија, картон и филц или затиначки материјали од пресувани азбестни влакна во форма на листови, плочи или ролни
6813 20, 6813 81, 6813 89	Врз база на азбест или други минерални материи
7007 21	Ветробрани, неврамени
7322 90	Авио греачи и дистрибутери на топол воздух (исклучувајќи делови за нив)
7324 90	Санитарни предмети (исклучувајќи и делови за нив)
7608 10, 7608 20	Со додатна опрема, погодни за спроведување на гасови или течности
8108 90	Цевки со вграден прибор, погодни за спроведување на гасови и течности
8415 90	На машини за разладување од тар. подброеви 8415 81, 8415 82 или 8415 83
8419 90	Делови на топло изменливи единици
8479 89	Хидропневматски акумулатори; механички уреди за менување на насоката на притисокот; специјално обликувани тоалетни единици; овлажувачи и осушувачи на воздух; неелектрични сервомеханизми; неелектрични покренувачи (стартери) за мотори; пневматски покренувачи за турбо-млазни мотори, турбо-пропелерни мотори и други гасни турбини; неелектрични брисачи на предните стакла; и неелектрични уреди за подесување на пропелерите
8501 20, 8501 40	Со моќност што надминува 735 *W* но не надминува 150 *kW*
8501 31	Со моќност што надминува 735 *W*, *DC* генератори со еднонасочна струја
8501 33	Мотори со моќност што не надминува 150 *kW* и генератори
8501 34	Генератори, со моќност што надминува 375 kW
8501 51	Со моќност што надминува *735 W*
8501 53	Со моќност што не надминува 150 *kW*
8516 80 20	Склопени со изолационен носач-тело и електрични врски за заштита од мраз или за одмрзнување
8522 90	Склопови и подсклопови, кои се состојат од два или повеќе меѓусебно споени поединечни делови, за апарати од тар. подброј 8519 81 95 и 8519 89 90
8529 90	Склопки и подсклопки, кои се состојат од два или повеќе меѓуспоени поединечни делови за апарати од тар. број

	8526
8536 70	Конектори од пластика за оптички влакна, оптички снопови или кабли
8543 70 04, 8543 70 90	Флајт рекордери, електрични синхронизери и трансдуктори (магнетени засилувачи), одмрзнувачи и уреди за одмаглување со електрични отпорници
8803 90 90	вклучувајќи едрилици
9020 00	исклучувајќи делови
9029 10	Електрични или електронски бројачи на обртите
9029 90	За бројачи на обртите, покажувачите на брзина и тахометри
9109 10, 9109 90	Со ширина или дијаметар што не надминува 50 мм
9405 10, 9405 60	Од пластика или од прост метал
9405 92, 9405 99	Делови од производи од тар. подброј 9405 10 или 9405 60, од пластика или од прост метал

Б. Контејнери и материјали за пакување

Следниве одредби се применуваат на контејнери за пакување (амбалажа) и материјалите за пакување кои се наведени во Основното правило за применување на царинската номенклатура бр. 5(а) и (б) и пуштени во слободен промет во исто време заедно со стоките што се содржат во нив или за кого се наменети.

1. Кога контејнерите за пакување (амбалажата) и материјалите за пакување се распоредуваат заедно со стоката, во согласност со одредбите на Основното правило за применување на царинската номенклатура бр. 5, тие:
   (а) ќе се царинат со иста стапка на царина како и стоката:
      - кога таквата стока подлежи на плаќање на *ad valorem* царинска давачка, или
      - кога тие се додаваат на масата на стоката која подлежи на плаќање на царински давачки;
   (б) ќе се царинат без плаќање на царински давачки:
      - кога таквата стока е ослободена од плаќање на царинска давачка, или
      - кога стоката подлежи на плаќање на царински давачки различни од вредност или тежина, или
      - кога масата на контејнерите за пакување (амбалажата) и материјалите за пакување не се додаваат на масата на стоката која подлежи на плаќање на царински давачки.
2. Ако контејнерите (амбалажата) и материјалите за пакување од став 1 (а) и (б) содржат или се царинат со стока од повеќе различни тарифни ознаки, масата и вредноста на контејнерите и материјалите за пакување, за одредување на царинската маса или царинската вредност треба да се поделат пропорционално на масата или вредноста на стоката што ја содржат.

В. Повластен тарифен третман во зависност од видот (природата) на стоката

1. Според одредени услови, повластен тарифен третман во зависност од видот (природата) на стоката се одобрува за:
   - стока непогодна за исхрана,
   - семиња,

   Овие стоки се опфатени со тарифните подброеви кои содржат фуснота со повикување на следниве поими: "Стока внесена под овој тарифен подброј е во зависност од условите пропишани во Дел II под В, од воведните забелешки".
2. Стока непогодна за исхрана за која се одобрува повластен тарифен третман во зависност од видот (природата) е наведено во Анекс 1 со повикување на тарифниот број во кој тие се

распоредуваат заедно со описот и количината на употребените денатуранти. За таквите стоки се претпоставува дека се непогодни за исхрана кога стоките што треба да бидат денатурирани и денатурантите се измешани заедно и нивното раздвојување е економски неисплатливо.

3. Стоките ќе бидат распоредени во соодветните тарифни броеви за семе за сеење, под услов за нив да биде издадена дозвола за увоз од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

КРАТЕНКИ И СИМБОЛИ

★	Се однесува на нови тарифни ознаки
■	Се однесува на тарифни ознаки од претходната година, но со различен опфат
eyp	Евро, валута
cm/s	Сантиметар(и) на секунда
INN	Меѓународно несопствено (незаштитено) име (International Nonproprietary Name)
INNM	Дополнето Меѓународно несопствено (незаштитено) име (International Nonproprietary Name Modified)
ISO	Меѓународна организација за стандарди (International Organisation for Standardisation)
Kbit	1 024 бита
kg/br	Килограм, бруто
kg/net	Килограм, нето
kg/net eda	Килограм исушена нето маса
kg/net mas	Килограм нето, на сува материја
max	Највисоко, максимално
Mbit	1 048 576 бита
MFN	Царина според клаузулата за најповластена нација (Most Favoured Nation)
min	Најмалку, минимално
ml/g	Милилитар(и) на грам
mm/s	Милиметар(и) на секунда
RON	Истражувачки октански број (Research octane number)

Забелешка:

Тарифен број помеѓу заграда во колоната 1 на Царинската тарифа покажува дека тарифниот број е избришан (на пример, тар.број [1519]).

ЕДИНЕЧНИ МЕРКИ

c/k	Карат (1 метрички карат = 2 x 10^{-4} кг)
ce/el	Број на келии
ct/l	Капацитет на носивост во тон ([1])
g	Грам
gi F/S	Грам на фисилни изотопи
kg H_2O_2	Килограм на водород пероксид
kg K_2O	Килограм на калиум оксид
kg KOH	Килограм на калиум хидроксид (каустична поташа)
kg met.am.	Килограм на метиламини
kg N	Килограм на азот
kg NaOH	Килограм на натриум хидроксид (каустична сода)
kg/net eda	Килограм исушена нето маса
kg P_2O_5	Килограм на дифосфор пентоксид
kg 90 % sdt	Килограм на 90 % сува материја
kg U	Килограм на ураниум
1 000 kWh	Илјада киловат часови (Мегават час)
l	Литар
1 000 l	Илјада литри
l alc. 100 %	Литар чист (100 %) алкохол
m	Метар
m^2	Метар квадратен
m^3	Метар кубен
1 000 m^3	Илјада кубни метри
pa	Броја на парови
p/st	Број на парчиња
100 p/st	Сто парчиња
1 000 p/st	Илјада парчиња
TJ	Терацул (бруто калорична вредност)

[1] ([1]) "Капацитет на носивост во тони" (ct/l) значи капацитет на носивост на пловилото изразено во тони, не вклучувајќи ги магацините на бродот (гориво, опрема, храна, итн). Лицата кои се пренесуваат на бродот (посада и патници) и нивниот багаж се исто така исклучени.

II. ТАБЕЛА НА ЦАРИНСКИ ДАВАЧКИ

О Д Д Е Л I
ЖИВИ ЖИВОТНИ; ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

Забелешки:

1. Повикувањето во овој оддел на одделен род или вид животни, освен ако од текстот поинаку не произлегува, се однесува и на младенчињата од тој род или вид.
2. Одредбата што се однесува на "сушени" производи во номенклатурата, ги опфаќа и производите што се дехидрирани, евапорирани или лиофилизирани, освен ако во текстот поинаку не е определено.

Г Л А В А 1
ЖИВИ ЖИВОТНИ

Забелешка:

1. Оваа глава ги опфаќа сите живи животни, освен:
   (а) риби и черупкари, мекотелци и други водни безрбетници од тар. броеви 0301, 0306, 0307 или 0308;
   (б) култури на микроорганизми и други производи од тар. број 3002; и
   (в) животни од тар. број 9508.

Тар. ознака	Н а и м е н у в а н и е	Цар.дав %	Ед. мер.
1	2	3	4
0101	**Коњи, магарења, маски и мулиња, живи:**		
	-Коњи:		
0101 21 00 00	**--Чисти раси за приплод**	сл	p/st
0101 29	**--Други:**		
0101 29 10 00	---За колење([1])	сл	p/st
0101 29 90 00	---Други	сл	p/st
0101 30 00 00	**-Магарења**	сл	p/st
0101 90 00 00	**-Друго**	сл	p/st
0102	**Живи животни, вид говеда *(Bovinae)*:**		
	- Домашни говеда *(Cattle):*		
0102 21	**--Чисти раси за приплод:**		
0102 21 10 00	---Јуници (женски говеда кои никогаш не се отелиле)	сл	p/st
0102 21 30 00	---Крави	сл	p/st
0102 21 90 00	---Други	сл	p/st
0102 29	**--Други:**		
0102 29 05 00	---Од под-видот *Bibos* или од под-видот *Poephagus*	10	p/st
	---Други:		
0102 29 10 00	----Со маса што не надминува 80 кг	сл	p/st
	----Со маса што надминува 80 кг но не надминува 160 кг:		

[1] ([1]) Стока внесена под овој тарифен подброј е во зависност од условите пропишани со определени прописи (види член 207 до 215 од Уредбата за спроведување на царинскиот закон (Службен весник на Република Македонија број 66/2005) и нејзините дополнителни измени).

Тар. ознака	Наименување	Цар.дав %	Ед. мер.
1	2	3	4
0102 29 21 00	----- За колење	5	p/st
0102 29 29 00	-----Други	5	p/st
	----Со маса што надминува 160 кг но не надминува 300 кг:		
0102 29 41 00	----- За колење	10	p/st
0102 29 49 00	-----Други	10	p/st
	----Со маса што надминува 300 кг:		
	-----Јуници (женски говеда кои никогаш не се отелиле):		
0102 29 51 00	------ За колење	15	p/st
0102 29 59 00	------Други	10	p/st
	-----Крави:		
0102 29 61 00	------За колење	15	p/st
0102 29 69 00	------Други	10	p/st
	-----Други:		
0102 29 91 00	------За колење	15	p/st
0102 29 99 00	------Други	10	p/st
	-Бафало:		
0102 31 00 00	**--Чисти раси за приплод**	сл	p/st
0102 39	**--Други:**		
	---Домашни видови:		
0102 39 10 10	----Со маса што не надминува 80 кг	сл	p/st
0102 39 10 30	---- Со маса што надминува 80 кг но не надминува 160 кг	5	p/st
0102 39 10 50	----Со маса што надминува 160 кг но не надминува 300 кг	10	p/st
	----Со маса што надминува 300 кг:		
0102 39 10 91	----- За колење	15	p/st
0102 39 10 99	-----Други	10	p/st
0102 39 90 00	---Други	10	p/st
0102 90	**-Друго:**		
0102 90 20 00	--Чисти раси за приплод	сл	p/st
	--Други:		
	---Домашни видови:		
0102 90 91 10	----Со маса што не надминува 80 кг	сл	p/st
0102 90 91 30	---- Со маса што надминува 80 кг но не надминува 160 кг	5	p/st
0102 90 91 50	----Со маса што надминува 160 кг но не надминува 300 кг	10	p/st
	----Со маса што надминува 300 кг:		
0102 90 91 91	----- За колење	15	p/st
0102 90 91 99	-----Други	10	p/st
0102 90 99 00	---Други	10	p/st
0103	**Свињи живи:**		
0103 10 00 00	**-Чисти раси за приплод**	сл	p/st
	-Други:		
0103 91	**--Со маса помала од 50 кг:**		
0103 91 10 00	---Домашни видови	сл	p/st
0103 91 90 00	---Други	сл	p/st
0103 92	**--Со маса од 50 кг или поголема:**		
	---Домашни видови:		

Тар. ознака	Наименување	Цар.дав %	Ед. мер.
1	2	3	4
0103 92 11 00	----Свињи, кои се опрасиле најмалку еднаш, со маса не помала од 160 кг	5+0,44 eур/кг max.66	p/st
0103 92 19 00	----Други	5+0,44 eур/кг max.66	p/st
0103 92 90 00	---Други	5+0,44 eур/кг max.56	p/st
0104	**Овци и кози, живи:**		
0104 10	**-Овци:**		
0104 10 10 00	--Чисти раси за приплод	сл	p/st
	--Други:		
0104 10 30 00	---Јагнишa (со старост до една година)	35	p/st
0104 10 80 00	---Други	35	p/st
0104 20	**-Кози:**		
0104 20 10 00	--Чисти раси за приплод	сл	p/st
0104 20 90 00	--Други	35	p/st
0105	**Живина, домашна, жива, живина од видот Gallus domesticus, пајки, гуски, мисирки и морки:**		
	-Со маса не поголема од 185 г:		
0105 11	**--Живина од видот Gallus domesticus:**		
	---Дедовски и родителски женски пилиња:		
0105 11 11 00	----Несилки	сл	p/st
0105 11 19 00	----Други	10	p/st
	---Други:		
0105 11 91 00	----Несилки	сл	p/st
0105 11 99 00	----Други	10	p/st
0105 12 00 00	**--Мисирки**	15	p/st
0105 13 00 00	**--Пајки**	15	p/st
0105 14 00 00	**--Гуски**	15	p/st
0105 15 00 00	**--Морки**	15	p/st
	-Други:		
0105 94 00 00	**--Живина од видот Gallus domesticus**	15	p/st
0105 99	**--Друго:**		
0105 99 10 00	---Пајки	15	p/st
0105 99 20 00	---Гуски	15	p/st
0105 99 30 00	---Мисирки	15	p/st
0105 99 50 00	---Морки	15	p/st
0106	**Други животни, живи:**		
	-Цицачи:		
0106 11 00 00	**--Примати**	сл	p/st
0106 12 00 00	**--Китови, делфини и морски прасиња (цицачи од редот Cetacea); морски крави (цицачи од редот Sirenia);фоки, морски лавови и моржови (цицачи од подредот Pinnipedia)**	сл	p/st
0106 13 00 00	**--Камили и други од фамилијата Camelidae**	сл	p/st
0106 14	**--Питоми и диви зајаци:**		

Тар. ознака	Наименување	Цар.дав %	Ед. мер.
1	2	3	4
0106 14 10 00	---Домашни зајаци	сл	p/st
0106 14 90 00	---Други	сл	kg
0106 19 00 00	**--Други**	сл	kg
0106 20 00 00	**-Влекачи (вклучувајќи змии и желки)**	сл	p/st
	-Птици:		
0106 31 00 00	**--Птици грабливки**	сл	p/st
0106 32 00 00	**--Папагали (вклучувајќи обични папагали, мали долгоопашести папагали, макао и какаду)**	сл	p/st
0106 33 00 00	**--Ноеви; Ему (Dromaius novaehollandiae)**	сл	p/st
0106 39	**--Други:**		
0106 39 10 00	---Гулаби	сл	p/st
0106 39 80 00	---Други	сл	kg
	-Инсекти:		
0106 41 00 00	**--Пчели**	5	kg
0106 49 00 00	**--Други**	сл	kg
0106 90 00 00	**-Други**	сл	kg

ГЛАВА 2

МЕСО И ДРУГИ КЛАНИЧНИ ПРОИЗВОДИ ЗА ЈАДЕЊЕ

Забелешка:

1. Оваа глава не опфаќа:
   (а) производи од видовите опишани во тар. броеви 0201 до 0208 или 0210, неупотребливи за човечка исхрана;
   (б) црева, бабулиња или желудоци на животни (тар. број 0504) или животинска крв (тар. број 0511 или 3002); или
   (в) маснотии од животинско потекло, освен производите од тар. број 0209 (Глава 15).

Дополнителни забелешки:

1. А. Дадените изрази го имаат следново значење:
   (а) "говедски трупови" од тар. подброеви 0201 10 и 0202 10 се цели трупови на заклани животни, откако им е истечена крвта, без градни и стомачни органи и одрани, со глава или без глава, со долни делови од нозе или без нив и со или без други јадиви кланични производи. Кога труповите се увезуваат без глави, главата мора да биде одвоена од трупот на atloido-occipitalniot зглоб (помеѓу првиот и вториот вратен пршлен). Кога се увезуваат без долните делови од нозете, тие мора да бидат одвоени од трупот на carpo-metacarpal или tarso-metatarsal- ните зглобови. Трупот треба да вклучува преден дел на трупот, кој ги опфаќа сите коски, врат и плешка со повеќе од десет пара ребра;
   (б) "говедски полутки" од тар. подброеви 0201 10 и 0202 10, се парчиња кои се добиваат со симетрично разделување на трупот низ центарот на сите вратни, градни, слабински и крстни пршлени и низ средината на градната коска и ишио-пубичната коска (срамна коска или симфиза). Полутката треба да вклучува преден дел на полутката кој ги опфаќа сите коски, вратот и плешката со повеќе од десет пара ребра;
   (в) "компензирани четврти" од тар. подброеви 0201 20 20 00 и 0202 20 10 00, се делови кои се состојат од:
   - предни четврти, кои ги опфаќаат сите коски, вратот и плешката, а се отсечени кај десеттото ребро; и задни четврти кои ги опфаќаат сите коски, бутот и грбот, а се отсечени кај третото ребро, или
   - предни четврти, кои ги опфаќаат сите коски, вратот и плешката, а се сечени кај петтото ребро, со цела потрбушина и гради; и задни четврти кои ги опфаќаат сите коски, бутот и грбот, а се сечени кај осмото ребро.

   Предните четврти и задните четврти, кои сочинуваат компензирани четврти мора да се ставени на увид пред царинскиот орган во исто време и мора да се согласуваат по број, а вкупната маса на предните четврти мора да биде иста како масата на задните четврти. Разлика во маса меѓу два дела на пратката е дозволена под услов да не надминува 5% од масата на потешкиот дел (предна четврт или задна четврт);
   (г) "неодвоени предни четврти", од тар. ознаки 0201 20 30 00 и 0202 20 30 00, се предни делови на трупот, кои ги опфаќаат сите коски, вратот и плешката, со најмалку четири пара ребра и најмногу десет пара ребра (првите четири пара мора да бидат цели, другите можат да бидат сечени), со или без потрбушина;
   (д) "одвоени предни четврти" од тар. ознаки 0201 20 30 00 и 0202 20 30 00, се предни делови на полутката, кои ги опфаќаат сите коски, вратот и плешката, со најмалку четири пара ребра и најмногу десет пара ребра (првите четири пара мора да бидат цели, другите можат да бидат сечени), со или без потрбушина;
   (ѓ) "неодвоени задни четврти" од тар. ознаки 0201 20 50 00 и 0202 20 50 00, се задни делови на трупот, кои ги опфаќаат сите коски, бутот и грбот, вклучувајќи и филе со најмалку три пара на цели или сечени ребра, со или без коленица, со или без потрбушина;

(е) "одвоени задни четврти" од тар. ознаки 0201 20 50 00 и 0202 20 50 00, се задни, делови на полутката, кои ги опфаќаат сите коски, бутот и грбот, вклучувајќи и филе со најмалку три пара на цели или сечени ребра, со коленица или без неа, со или без потрбушина;

(ж) 1. "crop", врат со потплешка ("chuck and blade"), од тар. ознака 0202 30 50 00: грбен дел од предна четврт, вклучувајќи го горниот дел на плешката, добиен од предна четврт со минимум четири ребра и максимум од 10 ребра пресечен долж правата линија низ точката каде што првото ребро се поврзува со првиот граден дел до точката на рефлексија на дијафрагмата на десеттото ребро;

2. "гради со долен дел од плешка", од тар. ознака 0202 30 50 00: долен дел на предна четврт што се состои од стомачен и горен дел од гради .

Б. Производите опфатени со Дополнителните забелешки 1 А. (а) до (е) кон оваа Глава можат да бидат пријавени со или без 'рбет.

В. Во одредување на бројот на цели или сечени ребра, во врска со Дополнителната забелешка 1 А, ќе се земат во предвид само ребрата кои се споени со 'рбетот. Ако 'рбетот е отстранет, ќе бидат земени во предвид само целите или сечени ребра кои инаку би биле споени со 'рбетот.

2. А. Дадените изрази го имаат следново значење:

(а) "трупови и полутки" од тар. ознаки 0203 11 10 00 и 0203 21 10 00, се трупови на заколени домашни свињи, од кои е истечена крвта, и без градни и стомачни органи и од кои се отстранети чекињата и папците. Полутките се добиени од цели трупови, со расекување низ средината на секој вратен, грбен, слабински или крстен пршлен, низ или вдолж на градната коска и ишио-пубичната коска (симфиза). Труповите и полутките, можат да бидат со глава или без глава, со или без образи, со или без долни делови од нозе, со сало или без сало, со бубрези или без бубрези, со опашка или без опашка, со дијафрагма или без дијафрагма. Полутките можат да бидат со 'рбетна срж, со мозок и јазик или без нив. Труповите и полутките од свињите за крмење можат да бидат со виме или без виме (млечни жлезди);

(б) "шунки" (бутови), од тар. ознаки 0203 12 11 00, 0203 22 11 00, 0210 11 11 00 и 0210 11 31 00: задниот дел од полутката со коски, со или без долен дел од нозе, со или без коленица, со или без кожа или со или без поткожно сало.

Бутот (шунката) е одвоен од остатокот од полутката така што го вклучува, најмногу, последниот слабински пршлен;

(в) "предни делови", од тар. ознаки 0203 19 11 00, 0203 29 11 00, 0210 19 30 00 и 0210 19 60 00: предниот дел од полутката без глава, со или без образи, вклучувајќи коски, со или без предни нозе, со или без коленица, со или без кожа или со или без поткожно сало.

Предниот дел е одвоен од остатокот од полутката така што го вклучува, најмногу петтиот грбен пршлен.

Горниот (грбен) дел од предниот дел, без разлика дали содржи или не лопатна коска и мускулите кои одат со нејзе (грбен од врат во свежа состојба или вратен дел во саламура), се смета за парче од грбот, кога е одделен од долниот (стомачен) дел од предниот дел, најмногу со сечење веднаш под кичмениот столб;

(г) "плешки", во смисла на тар. ознаки 0203 12 19 00, 0203 22 19 00, 0210 11 19 00 и 0210 11 39 00: долниот дел од предниот дел без разлика дали содржи лопатна коска и мускулите кои одат со нејзе, вклучувајќи коски, со или без долен дел од нозе, со или без коленица, со или без кожа или со или без поткожно сало.

Лопатната коска со прицврстените мускули, испорачана посебно, останува распоредена во овој тарифен подброј како дел од плешката;

(д) "грб ", во смисла на тар. ознаки 0203 19 13 00, 0203 29 13 00, 0210 19 40 00 и 0210 19 70 00: горниот дел од полутката, кој се протега од првиот вратен пршлен до последниот пршленот на опашката, со коски, со или без филе, со или без лопатна коска, со или без поткожно сало или со или без кожа.

Грбот е одделен од долниот дел на полутката со сечење веднаш под кичмениот столб;

(ѓ) "гради со потрбушина", во смисла на тар. ознаки 0203 19 15 00, 0203 29 15 00, 0210 12 11 00 и 0210 12 19 00: долниот дел на полутката, меѓу бутот (шунката) и плешката, вообичаено познат како "потрбушина", со или без коска, но со кожа и поткожно сало;

(е) "bacon" полутки, во смисла на тар. ознака 0210 19 10 00: свинска полутка без глава, очни јаболчници, челуст, нозе, опашка, сало, бубрези, филе, лопатна коска, градна коска, рбет, карлична коска и дијафрагма;

(ж) "spencers" (bacon полутки без шунка), во смисла на тар. ознаки 0210 19 10 00: bacon полутки без шунка, со или без коска;

(з) "скратени тричетвртински половинки ", во смисла на тар. ознаки 0210 19 20 00: "bacon" полутки без предниот дел, со или без коска;

(ѕ) "средни делови" (middles), во смисла на тар. ознака 0210 19 20 00: "bacon" полутки без бутот и предниот дел, со или без коска.

Тарифниот подброј исто така вклучува исечоци од средни делови кои што содржат грбно ткиво и градно ткиво со потрбушина во природен сооднос за целокупниот среден дел.

Б. Парчињата од деловите дефинирани во забелешка 2 А (ѓ) се опфатени во истите тарифни броеви само ако содржат кожа и поткожно сало.

Ако парчињата што се опфатени во тар. ознаки 0210 11 11 00, 0210 11 19 00, 0210 11 31 00, 0210 11 39 00, 0210 19 30 00 и 0210 19 60 00 добиени од "bacon" полутки од кои што коските се отстранети како што е наведено во забелешка 2 А (е), линиите на сечење мора да се како оние дефинирани во забелешката 2 А (б), (в) и (г) соодветно; во секој случај овие парчиња или делови од нив мора да содржат коски.

В. Тар. ознаки 0206 49 00 00 и 0210 99 49 00 вклучуваат, особено, глави или половинки од глави од домашни свињи, со или без мозок, очни јаболчници или јазици, и нивни делови.

Главата е одделена од остатокот од полутката како следи:

- со право сечење паралелно кон черепот; или
- со сечење паралелно кон черепот до нивото на очите, а потоа се отклонува кон предниот дел на главата, така да образите остануваат споени на полутката.

Се сметаат како парчиња од главите, меѓудругото, очните јаболчници, рилките, ушите и месото кое припаѓа на главата, како и месото зад черепот. Меѓутоа, парчињата месо без коски претставени сами кои припаѓаат на предниот челен дел (образи, челусти или образи со челусти), се распоредуваат посебно во тар. ознаки 0203 19 55 00, 0203 29 55 00, 0210 19 50 00 или 0210 19 81 00, во зависност од случајот.

Г. Во тар. ознаки 0209 10 11 00 и 0209 10 19 00, "поткожно свинско сало" има значење на масно ткиво кое се таложи под кожата на свињата и се лепи за неа, независно од кој дел на свињата доаѓаат; во секој случај, тежината на масното ткиво треба да ја надминува тежината на кожата.

Овие тарифни подброеви, исто така, го вклучуваат поткожното свинско сало, од кое е отстранета кожата.

Д. Во смисол на тар. ознаки 0210 11 31 00, 0210 11 39 00, 0210 12 19 00 и 0210 19 60 00 до 0210 19 89 00, сушени или чадени, се производите кај кои сооднос на вода/протеин во месото (содржина на азот x 6,25) е 2,8 или помалку, ќе се сметаат за "сушени или чадени". Содржината на азот ќе се одреди според ISO методата 937-1978.

3. А. Во тар. број 0204, дадените изрази го имаат следново значење:

(а) "трупови" од тар. подброеви 0204 10, 0204 21, 0204 30, 0204 41, 0204 50 11 00 и 0204 50 51 00, се цели трупови на заколени животни, откако им е истечена крвта, без градни и стомачни органи и одерени, со глава или без глава, со нозе или без нозе, и со или без други јастиви кланични производи. Ако труповите се увезуваат без глави, главата мора да биде одвоена од трупот на atloido-occipitalniot зглоб, а ако се увезуваат без нозе, тие мораат да бидат отсечени кај carpo-metacarpal или кај tarso-metatarsalnite зглобови;

(б) "полутки" од тар. подброеви 0204 10, 0204 21, 0204 30, 0204 41, 0204 50 11 00 и 0204 50 51 00 се производи, кои се добиени со симетрично расекување на целиот труп низ

средината на секој вратен, грбен, слабински и крстен пршлен, како и низ средината на градната коска и спојот со ишио-пубичната коска (симфиза).

(в) "кратки предни четврти", од тар. ознаки 0204 22 10 00, 0204 42 10 00, 0204 50 13 00 и 0204 50 53 00: преден дел на трупот без или со гради, вклучувајќи ги сите коски од плешката, врат и среден дел од врат, исечени под прав агол на 'рбетот, со минимум пет и максимум седум пара цели или сечени ребра;

(г) "кратки предни четврти" во смисла на тар. ознаки 0204 22 10 00, 0204 42 10 00, 0204 50 13 00 и 0204 50 53 00: преден дел од полутката со или без гради, вклучувајќи ги сите коски од плешката, вратот и средниот дел од вратот исечен под прав агол на 'рбетот со најмалку пет и најмногу седум пара цели или исечени ребра.

(д) "слабина и/или подслабина" (каре и/или филе), од тар. ознаки 0204 22 30 00, 0204 42 30 00, 0204 50 15 00 и 0204 50 55 00: преостанатиот дел од трупот откако нозете и кратките предни четврти се одстранети, со или без бубрези; слабината во случај кога е одвоена од подслабината, мора да содржи минимум пет грбни прешлени; подслабина, во случај кога е одвоена од слабината, мора да содржи минимум пет пара цели или исечени ребра;

(ѓ) "слабина и/или подслабина" (каре и/или филе), од тар. ознаки 0204 22 30 00, 0204 42 30 00, 0204 50 15 00 и 0204 50 55 00: преостанатиот дел од полутката откако нозете и кратките предни четврти се одстранети, со или без бубрези; слабина, во случај кога е одвоена од подслабината, мора да содржи минимум пет грбни прешлени; подслабина, во случај кога е одвоена од слабината, мора да содржи минимум пет цели или исечени ребра;

(е) "нозе", од тар. ознаки 0204 22 50 00, 0204 42 50 00, 0204 50 19 00 и 0204 50 59 00: заден дел од трупот кој ги содржи сите коски и нога, исечен под прав агол на 'рбетот кај шестиот грбен прешлен, веднаш под илиумот или кај четвртиот крстен прешлен низ средниот дел на илиумот до спојот со ишио-пубичната коска (симфиза).

(ж) "нозе", од тар. ознаки 0204 22 50 00, 0204 42 50 00, 0204 50 19 00 и 0204 50 59 00: заден дел од полутката кој ги содржи сите коски и нога, исечен под прав агол на 'рбетот кај шестиот грбен прешлени веднаш под илиумот или кај четвртиот крстен пршлен низ средниот дел на илиумот до спојот со ишио-пубичната коска (симфиза).

Б. При одредување на бројот на цели или исечени ребра за кој стана збор во забелешката 3 А, се земаат предвид само оние прицврстени за 'рбетот.

4. Следниве изрази го имаат значењето кое им е дадено подолу:

(а) "парчиња живина, со коска", од тар. ознаки 0207 13 20 00 до 0207 13 60 00, 0207 14 20 00 до 0207 14 60 00, 0207 26 20 00 до 0207 26 70 00, 0207 27 20 00 до 0207 27 70 00, 0207 44 21 00 до 0207 44 61 00 и 0207 45 21 00 до 0207 45 61 00, 0207 54 21 00 до 0207 54 61 00, 0207 55 21 00 до 0207 55 61 00 и 0207 60 21 00 до 0207 60 61 00: парчињата набројани тука што ги вклучуваат сите коски.

Парчињата живина за кои стана збор во (а) кои се со отстранет коски, потпаѓаат под тар. ознака 0207 13 70 00, 0207 14 70 00, 0207 26 80 00, 0207 27 80 00, 0207 44 71 00, 0207 44 81 00, 0207 45 71 00, 0207 45 81 00, 0207 54 71 00, 0207 54 81 00, 0207 55 71 00, 0207 55 81 00 и 0207 60 81 00;

(б) "половини", од тар. ознаки 0207 13 20 00, 0207 14 20 00, 0207 26 20 00, 0207 27 20 00, 0207 44 21 00, 0207 45 21 00, 0207 54 21 00, 0207 55 21 00 и 0207 60 21 00: половини од трупови живина, добиени со должинско сечење по средината на 'рбетот и градната коска.

(в) "четврти", од тар. ознаки 0207 13 20 00, 0207 14 20 00, 0207 26 20 00, 0207 27 20 00, 0207 44 21 00, 0207 45 21 00, 0207 54 21 00, 0207 55 21 00 и 0207 60 21 00: четврти со нозе или четврти со гради, добиени со попречно сечење на половината.

(г) "цели крила, со или без врвови", од тар. ознаки 0207 13 30 00, 0207 14 30 00, 0207 26 30 00, 0207 27 30 00, 0207 44 31 00, 0207 45 31 00, 0207 54 31 00, 0207 55 31 00 и 0207 60 31 00: парчиња живина што се состојат од надлактица, зглобови и подлактица, заедно со мускулатурата околу нив. Врвот, вклучувајќи ги "carpal" коските, може и не мора да е отстранет. Сечењето мора да е направено кај зглобовите.

(д) "гради", од тар. ознаки 0207 13 50 00, 0207 14 50 00, 0207 26 50 00, 0207 27 50 00, 0207 44 51 00, 0207 45 51 00, 0207 54 51 00, 0207 55 51 00 и 0207 60 51 00: парчиња живина кои се состојат од градната коска и ребрата, распоредени на двете страни, заедно со мускулатурата околу нив.

(ѓ) "нозе", од тар. ознаки 0207 13 60 00, 0207 14 60 00, 0207 44 61 00, 0207 45 61 00, 0207 54 61 00, 0207 55 61 00 и 0207 60 61 00: парчиња живина кои се состојат од бутна коска (femur), листна коска (fibula) и коленична коска (tibia) заедно со мускулатурата околу нив. Двете сечења мора да се направени кај зглобовите.

(е) "мисиркини копани", од тар. ознаки 0207 26 60 00 и 0207 27 60 00: парчиња од мисирка што се состојат од коленична коска (tibia) и листна коска (fibula) заедно со мускулатурата околу нив. Двете сечења мора да се направени кај зглобовите.

(ж) "нозе од мисирка, освен копани", од тар. ознаки 0207 26 70 00 и 0207 27 70 00: парчиња од мисирка кои содржат бутна коска(femur) заедно со мускулатурата околу неа или од бутна коска(femur), листна коска (fibula) и коленична коска (tibia) заедно со мускулатурата околу нив. Двете сечења мора да се направени кај зглобовите.

(з) "паткини и гускини палтои (paletots)", од тар. ознаки 0207 44 71 00, 0207 45 71 00, 0207 54 71 00 и 0207 55 71 00: патки и гуски, потполно исчистени од пердуви, без глави или нозе, со отстранети коски од трупот (градна коска, ребра, 'рбет и крстна коска), но со бутна коска(femur), коленична коска (tibia) и надлактна коска (humeri).

5. (а) Неварено свежо зачинето месо се распоредува во Глава 16. "Зачинето месо" е неварено месо, зачинето одвнатре или по целата површина на производот со зачини што можат да се видат или со голо око или да се вкусат.

(б) Производите кои се распоредуваат во тар. број 0210 кои се зачинуваат во процесот на подготвување остануваат распоредени во таа глава, само ако додавањето на зачинот не го менува нивниот карактер.

6. Во тар. подброеви од 0210 11 до 0210 93, терминот "месо и јастиви кланични производи, солени, во саламура", претставува месо и јастиви кланични производи, длабоко и хомогено импрегнирани со сол во сите делови, со вкупна содржина на сол не помалку од 1,2% по маса. Во тар. подброј 0210 99, терминот"месо и јастиви кланични производи, солени, во саламура", претставува месо и јастиви кланични производи , длабоко и хомогено импрегнирани со сол во сите делови, со вкупна содржина на сол не помалку од 1,2% по маса.

Тар. ознака	Наименување	Цар.дав %	Ед. мер.
1	2	3	4
0201	**Месо говедско, свежо или разладено:**		
0201 10 00 00	**-Трупови и полутки**	15+0,05 еур/кг max.18	kg
0201 20	**-Други парчиња со коски:**		
0201 20 20 00	--Компензирани четврти	15+0,05 еур/кг max.18	kg
0201 20 30 00	--Неодвоени или одвоени предни четврти	15+0,05 еур/кг max.19	kg
0201 20 50 00	--Неодвоени или одвоени задни четврти	15+0,05 еур/кг max.18	kg
0201 20 90 00	--Други	15+0,05 еур/кг max.20	kg

Тар. ознака	Наименување	Цар.дав %	Ед. мер.
1	2	3	4
0201 30 00 00	**-Без коски**	15+0,05 eур/кг max.19	kg
0202	**Месо говедско, замрзнато:**		
0202 10 00 00	**-Трупови и полутки**	13+0,05 eур/кг max.15	kg
0202 20	**-Други парчиња со коски:**		
0202 20 10 00	--Компензирани четврти	11+0,05 eур/кг max.15	kg
0202 20 30 00	--Неодвоени или одвоени предни четврти	12+0,05 eур/кг max.15	kg
0202 20 50 00	--Неодвоени или одвоени задни четврти	12+0,05 eур/кг max.15	kg
0202 20 90 00	--Други	12+0,05 eур/кг max.15	kg
0202 30	**-Без коски:**		
0202 30 10 00	--Предни четврти, цели или сечени најмногу на пет парчиња, секоја четврт да претставува една целина; компензирани четврти во две парчиња, едно кое содржи предна четврт, цела или сечена најмногу на пет парчиња, и другото, задна четврт, исклучувајќи го филето во еден дел	12+0,05 eур/кг max.15	kg
0202 30 50 00	--"Crop", врат со потплешка и гради со долен дел од плешка	11+0,05 eур/кг max.15	kg
0202 30 90 00	--Друго	11+0,05 eур/кг max.15	kg
0203	**Месо свинско, свежо, разладено или замрзнато:**		
	-Свежо или разладено:		
0203 11	**--Трупови и полутки:**		
0203 11 10 00	---Од домашни свињи	5+0,43 eур/кг max.36	kg
0203 11 90 00	---Други	5+0,43 eур/кг max.40	kg
0203 12	**--Бутови (шунки), плешки и парчиња од нив, со коски:**		
	---Од домашни свињи:		
0203 12 11 00	----Бутови (шунки) и парчиња од нив	5+0,43 eур/кг max.32	kg
0203 12 19 00	----Плешки и парчиња од нив	5+0,43 eур/кг max.54	kg

Тар. ознака	Наименување	Цар.дав %	Ед. мер.
1	2	3	4
0203 12 90 00	---Други	5+0,43 eур/кг max.30	kg
0203 19	**--Друго:**		
	---Од домашни свињи:		
0203 19 11 00	----Предни делови и парчиња од нив	5+0,43 eур/кг max.45	kg
0203 19 13 00	----Грб и парчиња од него, со коски	5+0,43 eур/кг max.49	kg
0203 19 15 00	----Трбушнини и парчиња од нив	5+0,43 eур/кг max.48	kg
	----Друго:		
0203 19 55 00	-----Без коски	5+0,43 eур/кг max.25	kg
0203 19 59 00	-----Друго	5+0,43 eур/кг max.33	kg
0203 19 90 00	---Друго	5+0,43 eур/кг max.33	kg
	-Замрзнато:		
0203 21	**--Трупови и полутки:**		
0203 21 10 00	---Од домашни свињи	0,43 eур/кг max.33	kg
0203 21 90 00	---Други	0,43 eур/кг max.23	kg
0203 22	**--Бутови (шунки), плешки и парчиња од нив, со коски:**		
	---Од домашни свињи:		
0203 22 11 00	----Бутови (шунки) и парчиња од нив	0,36 eур/кг max.25	kg
0203 22 19 00	----Плешки и парчиња од нив	0,43 eур/кг max.25	kg
0203 22 90 00	---Други	0,42 eур/кг max.25	kg
0203 29	**--Друго:**		
	---Од домашни свињи:		
0203 29 11 00	----Предни делови и парчиња од нив	0,43 eур/кг max.25	kg

Тар. ознака	Наименување	Цар.дав %	Ед. мер.
1	2	3	4
0203 29 13 00	----Грб и парчиња од него, со коски	0,43 eур/кг max.27	kg
0203 29 15 00	----Гради со потрбушина (потрбушина) и парчиња од нив	0,43 eур/кг max.39	kg
	----Друго:		
0203 29 55 00	-----Без коски	0,43 eур/кг max.19	kg
0203 29 59 00	-----Друго	0,43 eур/кг max.25	kg
0203 29 90 00	---Друго	0,39 eур/кг max.25	kg
0204	**Месо овчо или козјо, свежо, разладено или замрзнато:**		
0204 10 00 00	**-Трупови и полутки, јагнешки свежи или разладени**	30	kg
	-Друго месо овчо, свежо или разладено:		
0204 21 00 00	**--Трупови и полутки**	30	kg
0204 22	**--Други парчиња со коски:**		
0204 22 10 00	---Кратки предни четврти	30	kg
0204 22 30 00	---Слабина и/или потслабина	30	kg
0204 22 50 00	---Нозе	30	kg
0204 22 90 00	---Друго	30	kg
0204 23 00 00	**--Без коски**	30	kg
0204 30 00 00	**-Трупови и полутки јагнешки, замрзнати**	30	kg
	-Друго месо овчо, замрзнато:		
0204 41 00 00	**--Трупови и полутки**	30	kg
0204 42	**--Други парчиња со коски:**		
0204 42 10 00	---Кратки предни четврти	30	kg
0204 42 30 00	---Слабина и/или потслабина	30	kg
0204 42 50 00	---Нозе	30	kg
0204 42 90 00	---Друго	30	kg
0204 43	**--Без коски:**		
0204 43 10 00	---Од јагне	30	kg
0204 43 90 00	---Друго	30	kg
0204 50	**-Месо, козјо:**		
	--Свежо или разладено:		
0204 50 11 00	---Трупови и полутки	35	kg
0204 50 13 00	---Кратки предни четврти	35	kg
0204 50 15 00	---Слабина и/или потслабина	35	kg
0204 50 19 00	---Нозе	35	kg
	---Друго:		
0204 50 31 00	----Парчиња со коски	35	kg
0204 50 39 00	----Парчиња без коски	35	kg

Тар. ознака	Наименување	Цар.дав %	Ед. мер.
1	2	3	4
	--Замрзнато:		
0204 50 51 00	---Трупови и полутки	35	kg
0204 50 53 00	---Кратки предни четврти	35	kg
0204 50 55 00	---Слабина и/или потслабина	35	kg
0204 50 59 00	---Нозе	35	kg
	---Друго:		
0204 50 71 00	----Парчиња со коски	35	kg
0204 50 79 00	----Парчиња без коски	35	kg
0205 00	**Месо коњско, магарешко и од мулиња или маски, свежо, разладено или замрзнато:**		
0205 00 20 00	-Свежо или разладено	сл	kg
0205 00 80 00	-Замрзнато	сл	kg
0206	**Јастиви кланични производи од говеда, свињи, овци, кози, коњи, магарињa, мулиња или маски, свежи, разладени или замрзнати:**		
0206 10	**-Од животни од видот говеда, свежи или разладени:**		
0206 10 10 00	--За производство на фармацевтски производи ([1])	5	kg
	--Друго:		
0206 10 95 00	---Тенки кошулици и дебели кошулици	5	kg
0206 10 98 00	---Друго	5	kg
	-Од животни од видот говеда, замрзнати:		
0206 21 00 00	**--Јазици**	5	kg
0206 22 00 00	**--Џигери**	5	kg
0206 29	**--Друго:**		
0206 29 10 00	---За производство на фармацевтски производи ([1])	8	kg
	---Друго:		
0206 29 91 00	----Тенки кошулици и дебели кошулици	8	kg
0206 29 99 00	----Друго	8	kg
0206 30 00 00	**-Од свињи, свежи или разладени**	5	kg
	-Од свињи, замрзнати:		
0206 41 00 00	**-- Џигери**	5	kg
0206 49 00 00	**--Друго**	5	kg
0206 80	**-Друго, свежо или разладено:**		
0206 80 10 00	--За производство на фармацевтски производи ([1])	5	kg
	--Друго:		
0206 80 91 00	---Од коњи, магарињa, маски и мулиња	5	kg
0206 80 99 00	---Од овци или кози	5	kg
0206 90	**-Друго, замрзнато:**		
0206 90 10 00	--За производство на фармацевтски производи ([1])	5	kg
	--Друго:		
0206 90 91 00	---Од коњи, магарињa, маски и мулиња	5	kg
0206 90 99 00	---Од овци или кози	5	kg

[1] ([1]) Стока внесена под овој тарифен подброј е во зависност од условите пропишани со определени прописи (види член 207 до 215 од Уредбата за спроведување на царинскиот закон (Службен весник на Република Македонија број 66/2005) и нејзините дополнителни измени).

Тар. ознака	Наименување	Цар.дав %	Ед. мер.
1	2	3	4
0207	**Месо и јастиви кланични производи, од живина од тар. број 0105, свежи, разладени или замрзнати:**		
	-Од домашна живина од видот Gallus domesticus:		
0207 11	**--Несечено во парчиња, свежо или разладено:**		
0207 11 10 00	---Исчистени од пердуви и внатрешни органи, со глави и нозе, познати како 83% кокошки	10+0,1 eур./кг max.17	kg
0207 11 30 00	---Исчистени од пердуви и внатрешни органи, без глави и нозе, но со вратови, срца, џигери и желудници, познати како 70% кокошки	10+0,1 eур./кг max.17	kg
0207 11 90 00	---Исчистени од пердуви и внатрешни органи, без глави и нозе и без вратови, срца, џигери и желудници, познати како 65% кокошки, или под друго име	10+0,1 eур./кг max.17	kg
0207 12	**--Несечено во парчиња, замрзнато:**		
